Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-455/4
21.10.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-455/1 од 12.6.2024 година поднесена од , против Министерство за надворешни работи, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување во областа на работа и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за надворешни работи врз

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-455/1 од 12.6.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за надворешни работи.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во Министерството за надворешни работи од април 2008 година, при што до денот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација се стекнал со дипломатско звање: прв секретар, односно 4 звања повисоко од почетното звање: аташе. Оттука во однос на неговото административно звање, подносителот истакнува дека во периодот од 16 години како што е вработен во Министерството, неговото административно звање во моментов гласи: стручен соработник, за што подносителот тврди дека е само 1 ниво повисоко од неговото почетно административно звање. Оттука, во претставката е наведено дека останатите вработени во Министерството за надворешни работи се стекнале со многу повисоко административни звања од неговото, и покрај фактот што биле во работен однос за период пократок од работниот однос на подносителот.

Оттука, подносителот истакнува дека неговото уверување е дека причината за ваквиот третман кој го наведува во претставката за заштита од дискриминација е неговата етничка и верска припадност, имајќи го предвид дека тој е Хрват и припадник на католичката црква, што според мислењето на подносителот, наидува на неодобрување кај неговиот работодавач. Во продолжени е на претставката подносителот истакнува дека Министерството за надворешни работи приоритизира само една етничка и верска припадност, при што ваквото убедување дополнително го образложува со тврдењето дека Министерството не му го одобрило правото на користење на бесплатен авионски билет по изминати 2 години од времетраењето на неговиот дипломатски мандат во прекуокеанските земји. Во врска со ова, во претставката е наведено дека подносителот го упатил ваквото барање за времетраење на неговата мисија во амбасадата во ри што на истото не му било одговорено, со што бил оневозможен да го посети својот тешко болен татко.

Во прилог на претставката беше доставен и допис бр. Д59-12592/24-1 од 28.4.2024 година, до Директоратот за организациони работи во склоп на Министерството за надворешни работи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.6.2024 година испрати Известување бр. 08-455/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за надворешни работи.

На ден 25.7.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување по наводите од претставката за заштита од дискриминација доставено од страна на Министерството за надворешни работи, а заведено под арх. бр. 08-455/3.

Во одговорот на наводите од претставката, од страна на Министерството за надворешни работи наведуваат дека според член 63-е од Законот за надворешни работи, подносителот на претставката се има стекнато со дипломатско звање прв секретар во врска со што неговото распоредување на категорија В4 е направено согласно законските прописи и стручната подготвеност и посебните услови кои подносителот ги исполнува. Во продолжение на ова, од страна на Министерството наведуваат дека согласно решението за распоредување и плата кое подносителот го добил по завршувањето на неговиот дипломатски мандат во Амбасадата на Република Северна Македонија во подносителот бил распореден на работно место стручен соработник за дијаспора во Одделението за соработка со дијаспора од непосредно соседство, Европа и прекуокеанските земји, Сектор за дијаспора, Директорат за економска и јавна дипломатија (решение бр. 04-15274/24-1 од 29.5.2024 година). Во врска со ова, во произнесувањето е наведено дека ваквото распоредување на подносителот е направено во исто ниво и иста категорија како и решението кое го имал пред неговото упатување на мандат, кога бил распределен како стручен соработник за Западна Европа II во Одделението за Западна Европа II (согласно решение бр. 04-21582/1 од 16.7.2019 година).

Во продолжение на ова, од страна на Министерството за надворешни работи наведуваат дека на 16.7.2019 година, на барање на подносителот, истиот добил ново решение за распоредување со кое бил прераспореден на работно место стручен соработник за јужна Азија, Австралија и Пацификот, Сектор за Северна, Централна и Јужна Америка, Источна Азија, Австралија и Пацифик, Директорат за билатерални односи со воневропски држави.

Во однос на вториот дел претставката за заштита од дискриминација во која се истакнати наводи за сторена дискриминација врз основа на етничка припадности религија или верско уверување, преку неодобрување на барање за авионски билет за користење на годишен одмор во Република Северна Македонија, од страна на Министерството за надворешни работи истакнуваат дека подносителот заминал на мандат на 1.6.2021 година и до 20.12.2023 година бил единствениот дипломат во Амбасадата, сè до доаѓањето на амбасадор во декември 2023 година. Оттука, во произнесувањето е наведено дека по навршувањето на 2 години од мандатот, подносителот се стекнал со право да користи повратен билет на сметка на Министерството за надворешни работи за користење на одмор во Р.С. Македонија, согласно член 31 од Уредбата за начинот на утврдување на плати и надоместоците на определени трошоци во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и член 35 од Правилникот за плати, додатоци на плати и надоместоци, согласно кој *„на вработен во претставништвата во прекуокеанските земји, како и претставништвата во земји кои се оддалечени повеќе од 6 часа непрекинат лет до Република Северна Македонија, по навршени две години службување еднократно му се исплаќа повратен авионски билет заради користење на годишен одмор во Република Северна Македонија"*, при што во произнесувањето е образложено дека подносителот

на претставката се стекнал со правата од погоре цитираните членови во јуни 2023 година, односно се стекнал со правото да побара исплаќање на авиобилети на сметка на Министерството за надворешни работи заради користење на одмор во Република Северна Македонија. Во врска со претходно наведеното, од страна на министерството истакнуваат дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација во ниту еден момент не поднел барање за исплата на средства за авиобилети за наведената намена.

Во продолжение на ова, во произнесувањето е наведено дека подносителот како амбасадор во Амбасадата во ошол на 20.12.2023 година, со што од тој момент, истиот можел во текот на неколкуте месеци пред завршувањето на неговиот мандат на 31.5.2024 година да побара користење на одмор во Република Северна Македонија. Притоа, надоврзувајќи се на претходната изјава дека подносителот не поднел вакво барање, од МНР образложуваат дека подносителот на 29.12.2023 година до министерството испратил известување за користење на првиот дел од годишниот одмор за 2023 година, во временскиот период од 29.12.2023 година до 15.1.2024 година. Следствено на ова, наведено е дека на 3.1.2024 година бил испратен допис со кој се известува за прекин на првиот дел од годишниот одмор на 2.1.2024 година.

На крај, во однос на користењето на правото на бесплатен авионски билет, наведено е дека подносителот на 28.4.2024 година доставил допис без одредување на конкретен датум кога би го користел даденото право и без поднесување на барање за годишен одмор со конкретни датуми, при што побарал достава на решение за бесплатен авионски билет согласно погоре цитираната уредба. Во врска со ова, од страна на Министерството за надворешни работи наведуваат дека според решението за упатување на подносителот на мандат во Амбасадата во датумот на завршување на ваквата мисија бил 31.5.2024 година, при што подносителот требало да се пријави на работа во Министерството за надворешни работи на 1.6.2024 година. Оттука, во произнесувањето е истакнато дека согласно ваквата временска ситуација, би преостанал временски период од помалку од 1 месец во кој подносителот би требало да допатува во Република Северна Македонија, да искористи одмор, при што не поднел барање со конкретни денови кога би го остварил ваквото право, следствено на што повторно би се вратил во . за да го заврши својот мандат како амбасадор и непосредно по тоа да се врати во Република Северна Македонија на работа во Министерството за надворешни работи.

Оттука, од страна на Министерството за надворешни работи дополнително наведуваат дека подносителот не поднел барање за јавна набавка на авионски билети, истакнувајќи дека и ваквата постапка е од значително времетраење. Сумирајќи го сето погоре наведено, во министерството се произнесува дека обемот на време кое е потребно за завршни подготовки за завршување на мандатот, примопредавањето на физичката и електронска документација, раздолжувањето со опремата за канцелариско и архивско работење како и раздолжувањето со финансиските средства со кои подносителот бил задолжен во Претставништвото, откажувањето на стан, затворањето на банкарски сметки и достава на завршни финансиски извештаи, ги сочинуваат причините поради кои Министерството за надворешни работи сметало дека не е целисходно користење на годишен одмор во Република Северна Македонија во временски период кога на подносителот му преостанал помалку од еден месец до завршување на мандатот во Амбасадата во

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за надворешни работи врз согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, имајќи го во предвид фактот дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација не воспоставил каузална врска помеѓу дејствијата со кои тврди дека бил дискриминиран и наведените дискриминаторски основи, дополнително на фактот што во претставката не бил конкретизиран компаратор, односно друго вработено лице или лица кои се наоѓаат во споредлива ситуација, а во однос на кои со подносителот било постапено понеповолно врз основ на неговата етничка припадност и религиско или верско уверување при унапредувањето на работното место и статусот на административен службеник вработен во министерството, во постапката која е уредена со Законот за административни службеници, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за надворешни работи. Дополнително на ова, во однос на наводите дека Министерството за надворешни работи на подносителот не му овозможило да го искористи правото на бесплатен авионски билет за годишен одмор во Република Северна Македонија по истекот на предвидениот временски период како назначен за мисија во прекуокеанска земја согласно Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоците на определени трошоци во дипломатско – конзуларните претставништва во Република Македонија (Службен весник број: 146/2018), Комисијата ги ценеше наводите истакнати во произнесувањето од страна на Министерството за надворешни работи, согласно кои подносителот не поднел формално барање за користење на годишен одмор во Република Северна Македонија со конкретно наведени датуми, туку до Амбасадата на Република Северна Македонија во доставил само допис кој содржел барање за доставување на решение со кое на подносителот му се одобрува користење на правото на бесплатен авионски билет согласно исполнетите услови кои се состојат од истек на период од 2 години од времетраењето на неговиот мандат. Оттука, имајќи ја предвид претходно наведената фактичка состојба, дополнително врз основа на фактот дека ваквото барање за доставување на решение било доставено на 28.4.2024 година и датумот на завршување на мандатот на подносителот во Амбасадата во – 31.5.2024 година, Комисијата утврди дека одлуката на Министерството за надворешни работи дека користењето на ваквиот годишен одмор во Република Северна Македонија во период кога на подносителот му преостанал 1 месец од мандатот во Бразилија не било целисходно, не претставува акт на дискриминација кој бил извршен врз основа на етничката припадност и религијата или верското уверување на подносителот.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и религиско или верско уверување во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за надворешни работи врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
21.10.2024

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Министерство за надворешни работи, ул. „Филип Втори Македонски" бр. 7, 1000 Скопје